**ЗАПИСНИК**
**од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 15.01.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Селвер Ајдини (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, со овластување бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информираше дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Ајдини бидејќи е на годишен одмор. Исто така објасни дека поради користење на денови од годишен одмор ќе биде отсутен и директорот на Агенцијата г-дин Трајчевски, а на седницата ќе го заменува раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.01.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.01.2020 година.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
4. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 6 гласа „за“ го усвои Записникот од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.01.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.01.2020 година.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека има две забелешки и предложи на страна 3 од Записникот во пасусот од неговата дискусија, реченицата „Раководителот Радуновиќ појасни дека сега по покренувањето на постапката радиодифузерот има рок од 15 дена да го плати надоместокот“ да се измени во „Раководителот Радуновиќ појасни дека по приемот на предлогот за покренување на постапката за одземање на дозволата, радиодифузерот има рок од 15 дена да го плати надоместокот“. Втората забелешка беше за последната реченица од истиот пасус, односно предложи реченицата „Денес Советот треба да покрене постапка и по 15 дена, доколку не изврши уплата ќе има предлог за одземање на дозволата“ да се коригира со „Денес Советот треба да покрене постапка и во рамките на тие 15 дена доколку не изврши уплата ќе му се одземе дозволата“.

Г-дин Петрушевски рече дека за него се прифатливи забелешките од раководителот кој си ја коригирал изјавата точно како треба да гласи.

Советот на Агенцијата со корекцијата од раководителот Радуновиќ едногласно со 6 гласа „за“ го усвои Записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.01.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип. Објасни дека на 10 јануари 2019 година, РА Канал 77 до Агенцијата достави известување за доброволно пријавување на македонска музика од 25%. Во таа насока Агенцијата му го намали годишниот надоместок за дозволата за 25%. За да се провери дали радиодифузерот ја почитува доброволно презематата обврска, на 17 септември минатата година Секторот за програма изврши вонреден програмски надзор по службена должност на програмскиот сервис на РА Канал 77 кој беше емитуван на 5 август 2019 година. Со надзорот беше констатирано дека РА Канал 77 во рамките на својот програмски сервис на 5 август 2019 година не емитуваше најмалку 25% музика на македонски јазик во периодот од 6 часот наутро до полноќ од вкупно емитуваната музика во анализираното денонокје. Од овие причини, Советот на Агенцијата му изрече мерка јавна опомена заради извршената повреда и му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со

одредбите од Законо,т а во врска со Насоките за доброволно пријавување музика. Со цел да се провери дали РА Канал 77 го усогласил своето работење, извршен е контролен програмски надзор на неговиот програмски сервис, емитуван на 7 ноември 2019 година. И при контролниот надзор беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка јавна опомен, односно наместо 25% емитувал 22,50% од вкупно емитуваната музика на македонски јазик во анализираното денонојќие. Му беше доставено решение за доплата на износот за надоместокот за дозвола со краен рок за уплата до 13.01.2020 година. И во овој рок, Канал 77 го нема уплатено износот, поради што се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата за работа.

Г-дин Петрушевски рече дека доколку Советот покрене постапка се надева дека радиодифузерот ќе го уплати овој износ за годишниот надоместок. Посочи дека навистина би било штета за 140 илјади денари да ја загуби дозволата затоа што станува збор за медиум на државно ниво, радио кое одамна постои и добро би било да продолжи и понатаму со работа. Се надева дека ќе успее овој износ да го плати. Потсети дека оваа појава не е прва, бидејќи вакви случаи со радијата имаше повеќе и во таа насока се запраша дали тоа се должи на се уште недоволно познавање на Законот или на невнимание од нивна страна во поглед на пријавените проценти. Се надева дека радиодифузерите ова, во иднина, ќе го почитуваат како што треба или воопшто нема да го бараат попустот. Објасни дека ќе го поддржи предлогот за покренување на постапката и искрено се надева дека во наредните 15 дена радиодифузерот ќе ги уплати овие средства бидејќи се работи за поголем медиум и има можности да ги уплати овие средства. Дополни дека штета би било за ваква банална причина да му се одземе дозволата.

Г-дин Фетаи рече дека е јасна ситуацијата бидејќи е законска и нема дилеми околу тоа. Законот им овозможува на радиодифузерите да им се намали надоместокот за онолку проценти колку што ќе пријават дека ќе емитуваат музика. Во овој случај Канал 77 пријавил 25% а емитувал 22.50%. Праша, доколку радиодифузерот пријавил 20% дали тогаш ќе беше сè во ред? Рече дека на една од минатите седници имаше случај кога еден радиодифузер пријавил дека ќе емитува 35% музика, но практично износот на годишниот надоместок може да се намали најмногу до 30%. Значи проблемот е во тоа што повеќе пријавиле а помалку емитувале музика. Праша дали всушност сега се пресметува дека има 0% емитувана музика односно како да нема воопшто попуст. Идејата му е ако некој радиодифузер пријави 30% музика, надоместокот му се намалува за 30% но тој потоа емитува 25%. Праша дали надоместокот потоа ќе му се намали нула проценти или само за тие 5% што не ги исполнил?

Г-дин Петрушевски објасни дека годишниот надоместок се намалува за онолку колку што доброволно радиодифузерот ќе пријави музика, ако пријавил 30%, за 30% се намалува.

Г-дин Фетаи рече дека му е јасен тој дел, но ако емитува 25% од пријавени 30% дали тогаш се бараат сите пари да ги врати или само треба да доплати 5% кои не ги исполнил?

Раководителката Љубевска објасни дека радиодифузерот пријавил 25% музика и за 25% Агенцијата му го намали надоместокот кој износ изнесува 140.814,00 денари. Во овој случај, бидејќи РА Канал 77 не го исполнил пријавениот процент, сега согласно

Законот се бара да доплати 140.814,00 денари, всушност онолку пари колку што и му бил намален надоместокот.

Г-дин Фетаи констатираше дека без разлика што не го исполнил процентот за многу малку проценти сепак се враќаат сите пари, односно сè или ништо.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е новина во Законот и можеби законодавецот треба да размисли за допрецизирање во насока на дискусијата на г-дин Фетаи. Но за да се постапува тоа треба да биде ставено во Законот, сега пишува дека може да добие попуст доколку ги исполни пријавените проценти.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-222/1 од 14.01.2020 година, радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги затоа што не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0219 од 11.12.2019 година заклучно со 13.01.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, односно Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип не извршил уплата во износ од 140.814,00 (сто четириесет илјади и осумстотини и четиринаесет) денари.

Г-дин Петрушевски се обрати до службата и рече точно да се информира радиодифузерот од кога до кога му течат роковите за да не се случи да го промаши терминот. Се надева дека во следните 15 дена ќе се реши овој проблем.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше Точки под Разно

**Бр. 02-224/3**
**24.01 2020 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**